Снежана Стојчевска

# ПРАЗНО МЕСТО

Издавач:
Современост, Скопје
mksovremenost@gmail.com

За издавачот:
Стефан Марковски

Уредник:
Верица Мукоска

Лектура:
Верица Тоциновска

Рецензент:
Верица Мукоска

Печати:
Национално преведувачко биро - Скопје

Тираж: 300

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

COBISS.MK-ID

Снежана Стојчевска

# ПРАЗНО МЕСТО

СОВРЕМЕНОСТ
Скопје, 2022

# Во арената на животот

# ПРАЗНО МЕСТО

Околу трпезариската маса има четири стола.
Накрсно седиме
мајка ми спроти брат ми,
јас спроти татко ми.
Таква е и конекцијата,
на татко ќерка, на мајка син.

Со време брат ми се отсели,
на негово место сега седи син ми.
Понекогаш мајка ми му вели *Владе,*
наместо *Калин.*
Сѐ почесто вели само “сине“,
за да биде сигурна дека нема да згреши.

Откако татко ми нѐ напушти
секој од нас јаде сам, во различно време.
Ако седнеме истовремено ќе нѐ боли
недостигот што зјае од празното столче.

Тројца сме, но тенџерето
и мерката за ручек останаа за четворица.
Храната што останува
утредента ја давам на мачките.

Го кревам капакот од тенџерето со пире
и со лажица несвесно го делам на четири.
Мајка ми го гледа крстот и се прекрстува
мислејќи на една четвртина од нас,
која е на небото.

# СТАН БР. 9

Секоја соба има своја енергија
и карма што привлекува
и се провлекува низ времето.

Татко ми во дневната соба
ги гледаше сите вести,
правеше неделно мени,
списоци за пазарење
и средуваше сметки.

Во мојата детска соба
најчесто, читав книги,
додека во позадина,
од собата на брат ми
се слушаше свирење на гитара.

Поминаа триесет години
мене ме презеде дневната соба
во неа ги гледам сите вести,
правам неделно мени,
списоци за пазарење
и средувам сметки.

Мајка ми, во мојата детска соба
најчесто, чита книги,
додека во позадина,
од собата на брат ми,
која сега му припаѓа на син ми,
се слуша свирење на гитара.

Неслучајно е таа музичка соба.
Претходниот станар, композитор,
тука компонирал на своето пијано.

# СМРТТА ДОАЃА ВО ТИШИНА

Како се доближуваше до крајот,
за кој не бевме свесни, татко ми
сè повеќе сакаше да седи во тишина.
Веќе не гледаше ни вести.
Го смируваше само Animal Planet.

Низ саваната една газела долго бега
од канџите на лавот, а тој ѕвер упорен
на крајот ќе дојде до својот плен,
сурова реалност или поетска слика
како навестување дека животот завршува
во истрајните канџи на смртта.

## ТРИ ГОДИНИ (1)

Поминаа три години
откако татко ми нè напушти.
Нештата се смирија.
Животот си слегна.

Син ми ми вели: Опушти се!
Сè е во ред. Добри сме.

И навистина сме добри,
поголемиот дел од времето,
само понекогаш, рефлексивно,
од десното око ми потекува солза.

# ТРИ ГОДИНИ (2)

Татко ми беше многу вреден човек.
Постојано работеше, без престан
штедеше, но себеси не умееше да се штеди.
И кога ќе му речев да застане, да одмори малку
секогаш исто ми враќаше:
-*Кога ќе умрам, ќе се одморам*.

Од ум ме вадеше таа негова изрека,
а всушност ме вознемируваше помислата
дека еден ден ќе го нема.

Сега кога поминаа три години, се молам
неговата душа да има мир и спокој,
да најде пристан и почин,
да му е светло, топло и чисто.

Сега сѐ земно е свршено.
Одмори, душо моја најубава!

# ПОГОВОРКИ

Кога прашував нешто
што не сакаше да ми одговори
татко ми секогаш ми велеше:
*-кога ќе пораснеш, ќе ти се каже само.*
Тоа ме нервираше, оти мислев
дека нешто крие од мене.

Кога му се жалев за некоја неправда
што ми ја направиле, ми велеше:
*-кој си прави, за себе си прави*.
Тоа уште повеќе ме иритираше,
оти мислев дека не ме разбира.

Сега кога пораснав само ми се кажа
дека сите неправди ги сетил на своја кожа
и узнал дека тоа што им го правиме на другите
ја огрева или ја огревува само нашата душа.

# ТРПЕНИЕ-СПАСЕНИЕ – ПОПОЛЕКА ПОДАЛЕКУ

*Трпение-спасение* – на мојата брзоплетост
често знаеше да рече татко ми,
а јас која сака сè сега,
веднаш и одеднаш,
не можев да сфатам
што сака да ме поучи.

Еве и сега, сè уште учам
да не брзам, да не итам
по друмишта да не скитам,
да сум одмерена, разумна
и мудра,
мугра да не чекам будна,
да си дадам сон и спокој,
трн да не чувам в око.

Да сум чун кој мирно плови
по месечевата река
сигурна дека кај што сум тргнала
ќе стигнам,
*пополека-подалеку* -
како што ме учеше татко ми.

# СТО СТАПА ПО ТУЃ ГРБ

*-Сто стапа по туѓ грб не болат*
-катаден велеше татко ми.

Сите бегаат од туѓата болка,
ни со својата не знаат
како да се справат.
Вртат глава.

Крстот што го носи секој од нас
невидлив е,
но е тука.

По мојата насмевка
не можеш да знаеш
каков товар носам.

Што и да кажеш,
ќе згрешиш.

Затоа подобро молчи,
кога ќе помислиш да ми се жалиш
дека твојата болка најсилно боли.

# ЧОВЕК ОД МАГАРЕ ЌЕ ПАДНЕ

Трчаме низ денот, итаме,
натоварени со бреме,
за сите имаме, за себе
немаме време.

Запри! Седни малку.
Загледај се во цутот на липата,
додека го пиеш утринското кафе,
забележи ја играта на гулабите.

Здивни! Тука си на сигурно.
*-Човек од магаре ќе падне,*
*па ќе се одмори* – на шега,
знаеше да каже мојот татко.

# ВО АРЕНАТА НА ЖИВОТОТ

Го гледам филмот „Татковци и ќерќи“[1]
и покрај недоследностите во приказната,
Гладијаторот[2] е добар во улогата на татко.

Не можам да се воздржам
и веќе кон средината
почнувам да плачам.

Заспивам во солзи.
Го сонувам татко ми.
Го допира своето чело до моето
и ми повторува:
Никогаш нема да те оставам!
Никогаш нема да те оставам!
Никогаш нема да те оставам!

Секој татко е гладијатор
во арената на животот!

[1] Fathers & Daughters (2015)
[2] Russell Crowe

# КОШМАР

Сонувам кошмар,
пукотници, викотници,
страв и ужас.

Ме бркаат,
се кријам и бегам
во лавирнит од кој
не можам да излезам.

Станувам свесна дека е сон,
но ужасот не ме пушта
да се разбудам.

Ми влегуваш во сонот,
ме земаш во завраб ме стегаш,
земам здив
и ги отворам очите.

Татко мој,
ти сѐ уште си тука
кога ми треба сила
ми даваш закрила.

# СЕКОЈ ГО БОЛИ СВОЕТО

Неутешно плачев на сон
кога ќе сонував дека си умрел.
Се будев задушена од солзи.
Ми требаше момент да сфатам
дека тоа е само сон.

Луѓето велат,
ако сонуваш дека некој умрел,
му го продожуваш животот.
Не знам дали е тоа точно.

Сега ми доаѓаш насон
жив и насмеан,
млад и убав како некогаш.
Кога ќе се разбудам
ми треба момент да сфатам
дека тоа е само сон.

Полека смогнувам сила
да продолжам низ денот
без да се задушам во солзи.

# ЕДНА МАЈКА, ЕДЕН ТАТКО!

Кога мојот мал син плачеше по мене,
татко ми за да го прекори му велеше:
*-Само ти имаш мајка!*

Секој ден тагувам по мојот татко.
Потсвесно го слушам како ме опоменува:
*-Само ти имаш татко!*

# ПУДИНГ

Како дете многу се радував
кога за десерт ќе ни направеа пудинг
во три бои,
горе со вкус на ванила,
јагода во средина
и долу чоколадо.

Секој залак е посебно доживување.
Јадам стрвно, со уживање.
Обидувајќи се да соберам уште малку,
уште долго го гребам чиничето.

Звукот на тропкањето на лажичето
го нервира татко ми, кој како и секогаш
ми вели: - *џабе гребеш,*
*чиничето нема да пушти уште.*

Таква сум и со животот.
Барам начини,
ги исцрпувам сите можности,
упорно гребам по рабовите
и чекам
животот да пушти уште
убавини.

# ЛАКОМОСТ

Една од омилените книги во мојот дом
е „Оловка пише срцем“[3].
Кога бевме мали, често ја читавме
и се смеевме, пред заспивање.

Во неа деца даваат објаснувања
за значењето на разни термини.
За она што е лакомост, некое дете
вели: *Лакомост је неки лак мост*[4]

Прегладнета, во чинијата ставам повеќе
отколку што можам да изедам,
по пет-шест залаци се заситувам
и не можам повеќе.

Мајка ми негодува:
*-Погладно ти е окото од стомакот.*
А татко ми вели:
*-Има неки лаки мост.*

[3] Јованка-Вања Рупник и Будимир Нешиќ: ОЛОВКА ПИШЕ СРЦЕМ, Београдски издавачко-графички завод, Београд, 1972.
[4] во превод: Лакомост е некој лесен мост

# САКАТЕ ЛИ ВОЈНА?

Штом дојде мај, ќе замирисa на лето, и ние веќе бевме надвор по ливадите, во тревите. Помнам имаше една трева, налик на дива пченица, која децата имаа обичај да ја скинат, да ѝ го скршат класот на пола и повторно да го вратат на своето место. Потоа ќе прашаат некое дете: Татко ти бил во војска? Ако кажеш да, ќе удрат по класот и тој ќе летне и ќе ти речат: Е вака ќе му лета главата. Ја мразев таа игра. Морници ми поминуваа секојпат кога некое дете ќе покажеше како ќе му лета главата на татко ми, кој служел во војска. Ако некому летне главата, тоа значи дека ќе умре, а мојот татко не смее да умре. Тој е бог, а боговите не умираат. Како знам дека е бог? Кога пишувам домашна, ќе згрешам некоја буква, тој ми го зема пенкалото и со него повлекува неколку потези, и оп, магично буквата што сум ја згрешила се претвора во буквата која требаше да ја напишам.

Се повлекувам од децата кои сакаат да играат игри во кои има војна. Силно викаат: Сакате ли војна, фатени за рацете како во синџир. Како да им кажам дека не сакам, кога се очекува одговорот да биде: Сакаме; за потоа да прашаат: Од кого? Тоа беше кон крајот на осумдесеттите, кога не можевме ни да насетиме дека војната која ја сакавме, ја повикавме. Се повлекувам настрана и земам една сламка дива пченица. Полека ги одделувам, едно по едно, сите нејзини зрнца додека не остане само едно на врвот. Така искубеното перце го кријам под камен и си замислувам желба. Желбите се секогаш едноставни. Да добијам петка по Природа и Општество, Југославија да победи во фудбал... Да знаев што сè ќе се случи потоа, ќе посакав нешто друго, нешто поважно, како на пример, да има мир, да сме слободни, татко ми да доживее длабока старост...

# Порака до себе

# NOTE TO SELF: САКАЈ СЕ СЕБЕСИ!

Не сакам да се фотографирам!
Не ми се допаѓа како изгледам
на фотографиите. Подуена,
дебела, често несредена.

Гледам фотографија од пред пет години
и се восхитувам
колку сум била млада, убава и слаба,
а јасно се сеќавам на истата фотографија
во моментот кога беше сликана,
си наоѓав мани.

Вчера се сликав и пак не се бендисав.
Сепак ќе ја сочувам,
за неколку години сигурно ќе се чудам
колку сум била млада, убава и слаба.

# ГО ИЗБЕГНУВАМЕ ОГЛЕДАЛОТО

Луѓето кои со години не сме ги виделе
во нашите глави остануваат
онакви какви што биле
кога последен пат сме ги виделе.

Некогаш случајно ќе ги сретнеме
и ќе се зачудиме колку остареле.
Ќе помислиме сите стареат, освен јас,
успешно избегнувајќи го огледалото.

Ако случајно се видиме, ќе се изненадиме.
Одразот во огледалото нема да го препознаеме.
Во нашите глави сè уште сме убави,
млади и слаби.

# ВРЕМЕ-ПРОСТОР-ТЕЛО

Навистина е убаво
кога ти е удобно во својот дом,
во својата соба, во својата кожа,
и немаш потреба да излезеш,
да избегаш, што подалеку од сѐ,
од себе.

Сакаш оваа состојба да трае
што подолго
непроменета, недопирлива,
навидум постојана.

Се чини ништо не се менува,
но мигот полека се измолкнува,
а ти нечујно учествуваш во своето
незабележливо минување
низ ова време-простор-тело
-живот на дело.

# ЧАСОВНИК

Ме брка времето
во стан без ниту еден ѕиден часовник.

# ДИСТАНЦА

Нема потреба да направам три чекори наназад.
Ги вадам очилата. Ги ставам во џебот.
И добивам дистанца.

# СКРОТУВАЊЕ НА ЕГОТО

Посакав да се скротам,
да се смалам себеси,
да се смирам,
да се стишам.

Станав толку успешна во тоа
што најпосле не можев
ни да се видам,
ни да се препознаам.
Исчезнав во себе.

# ДОМОТ Е ТАМУ КАДЕ ШТО ТИ СЕ КНИГИТЕ

Повеќе нема да купувам книги!
- по којзнае кој пат си велам,
- ако треба да се селам,
нема да можам сите
да ги понесам со себе.

И тогаш се случува спротивното,
исто како кога ќе решам да држам диета,
ме фаќа страв дека ќе прегладнам
почнувам сѐ повеќе и повеќе да јадам
и наместо да ослабам, се здебелувам.

# КАМЕН

Кога првпат ја слушнав поговорката:
„Каменот си тежи на местото“
ме полазија морници,
се скаменив,
еве уште се немам мрднато од место.

# „СКОПЈЕ ГРАДЕ МОЈ МИЛ!“[5]

Скопје има магнетска сила
која ме држи да бидам
кај што сум била.
Не ми дава да заминам!

Кога подобро ќе размислам,
никогаш не сум го напушила
на подолго од еден месец.

И секогаш кога се враќам
ме обзема истата возбуда
и радост, како при средба
со првата љубов.

Скопјенце те сакам! –
тивко, во себе си велам
и мојата лична географија
си доаѓа на своето место.

[5] Стих од песната „Скопје“, Квартет Импулси, 1974 год.

# КОНТАКТ ЈЕ СКУП[6]

Го исклучувам звукот на телефонот.
Сакам да воспоставам контакт
со себе.

[6] Контакт је скуп, Леб и Сол, албум Тангента, Југотон 1984

# НЕМИРНА ВОДА

Плашејќи се да не предизвикам бура,
премолчувам.

Потоа, долго и упорно, во себе ме рони
немирна вода.

# ОТПОР

Кревкоста ме рони,
ми дава храброст
да бидам тоа што сум.
Мојата сила е свила,
што ја везам во стих.

За збор ќе те држам,
ко волчица ќе ‘ржам
јазикот во јазол
нема да го врзам,
ќе го разлеам
в езеро
од ендемски вид.

Види,
виделото ми е врела веда
што одзема здив.
Див оган ќе горам
во дива гора
жив збор ќе зборам.
Не ќе има мир!

# ПАТУВАЊЕ НИЗ СВЕСТА

## 1.

Автобуска станица сум,
нечиста и бучна.
Луѓето минуваат низ мене.
Застануваат.
Палат цигара.
Чекаат.
Молчат.
Го фрлаат отпушокот
и заминуваат.

## 2.

Не ги гледам луѓето в очи.
Се плашам
ако ги погледам
ќе влезат
и ќе останат во мене.

Некои остануваат подолго
и оставаат пустош.
Валкаат, крадат,
шмукаат и влечат.
Черечат!

Кога ќе успеам да се ослободам од нив,
Веќе сум исцрпена, уморна и стара.

## 3.

Во мене се отвора порта.
Низ неа излегува карван,
летачки килими,
бедуини и камили
до недоглед натоварени
со страв, сеќавања и грижи,
сенишни сенки и сомнежи,
двојби и меѓи,
свиснати веѓи,
скриена осама
ко рој оси
свената слама
смртта што ја коси.

Ги оставам портите отворени.
Карванот си врви
додека не останам чиста.
Испразнета од чувства.
Испразнета од желби.
Бела благодарност
што сѐ уште сум жива.

Ова ли е тоа што го нарекуваат мир?

4.

Стојам сама на раскрсница.
Мојата карлица се расклопува
и од неа никнува кала.

Каде и да допрам
ќе посеам живот.

## ПЕСНИ ПОСЕСТРИМИ

Песни мои посестрими,
совршени чеда мои
што ве лулкав в раце,
приспивно и нежно,
долго ве држев при срце.

Не знам точно што, ни кога,
многу нешта се случија,
помалку или повеќе
погледот ми го сменија.

Ве заборавив, ве изумив
како никогаш да не сте ни биле мои
песни посестрими,
совршени чеда мои
што ве лулкав в раце,
да ни се сретнат патиштата
нема да ве препознаам.

## ПОЕТСКИ ПОСТ

Да постиш значи да стражариш
над својата мисла и тело,
над своето животно дело.

Да пишуваш значи да стражариш
над стихот, да бдееш, да сееш
и в миг да ја пресечеш в корен
стихијата што надоаѓа,
ако не ја бива.

# НАС ПОЕТИТЕ

Нѐ жегнува во градите,
нѐ прободува како копје во ребрата на Исус,
кога ќе сфатиме дека светот не е свет,
не е безгрешен, ами грешен.

Грешка ли беше што дојдовме
полни со полет,
со надеж и желба да смениме нешто,
полни со елан и сила
в раце да го кренеме светот
и да го пренесеме на подобро место.

# ДРУГАРКИ

По долги години
повторно седиме сите на иста маса.
Разговорот продолжува
чиниш застанал вчеравечер.

Блискоста си стои!
Животот си тече.
Конекцијата е вечна
и нема сила што ќе је пресече.

# СИНА ПТИЦА

*(На Елена)*

## 1.

Лебдиш во воздухот,
кревко глуварче ветрот што го дува.
Гравитацијата кон морето те влече.
Само во неговата прегратка си своја.
Пливаш, сѐ додека не станеш
точка на хоризонтот.

2.

Слободата што ја бараш
е сина птица
што ти се вгнездила во срцето.

## 3.

Меѓа си помеѓу два света.
Ти не омајуваш, ти маѓосуваш!

Доволно е човек само еднаш
да те погледне во очите
и никогаш да не те заборави.

# НЕОБИЧНА ЉУБОВ (1)

Се заљубив во мачор.
Не знам кога точно се случи тоа.
Чудна е таа љубов. Го сакам,
повеќе од човек.

# НЕОБИЧНА ЉУБОВ (2)

Знаеш дека те сакам – ти велам,
те бакнувам и галам
по сивото свиленкасто крзно.

Ми ја гризеш раката,
како да сакаш да ме потсетиш
дека љубовта знае да боли.

# ЛУЗНИ

Ги кријам од погледи своите дланки.
Како да објаснам дека не се сечам со жилет,
туку дека чувам мачки?

# МАЧЕШКА МАЈКА

Ме прониижа плач од маче.
Се сепнувам како мајка
кога ќе чуе плач на дете,
во првиот момент, пред да се сети
дека детето веќе одамна ѝ е пораснато.

# ТОВАРЕНО МАГАРЕ

Уште на скалите ми ја дава јакната.
Кога ќе стигнеме до земјениот пат
веќе му е жешко, па ми ја подава
и блузата со долги ракави.

Како што навлегуваме во шумата
сè повеќе му тежи ранецот,
па го земам, за да му олеснам.
Потоа ми го дава шишето со вода,
капата, топката, стапот...

# ОД МАКА ДО МАЈКА

Помеѓу мака и мајка
стои едно ј како јамка
виси како јаже
како подадена рака
во најголема мака
од болка кога јачи
и болка кога лечи
ко ехо кога ечи
барајќи спас
во далечен глас
од заборавено детство.

# ЗАСТРАШУВАЧКА ЉУБОВ

Кога ќе станеш родител
срцето ти пука како печен костен,
се отвора
и одеднаш восприема толку многу љубов,
која не си можел ни да претпоставиш
дека постои.

Те преплавува,
те обзема,
те управува.

Истата таа пукнатина те изложува
и те прави ранлив.
Низ неа слободно влегува страв
дека сега имаш што да изгубиш.

# ЧУДОТО НА РАЃАЊЕТО

Зошто толку боли породувањето?
За никогаш да не заборавиш
дека си го посведочила
чудото на раѓањето.

# ЖЕНСКА СОЛИДАРНОСТ (1)

Ќе викнеше едно оф,
колку да не ја гледаат чудно
останатите мајки кои врескаа
од породилни болки.

Сите се чудевме
колку лесно го роди,
го снесе како да е јајце.

Кога јас го родив првото,
таа го роди осмото дете.

Во собата за опоравување
ме ставија до неа.
Ми подаде парче лимон
кога ми ги виде усните
испукани од жед.

Не ѝ го помнам ни името, ни ликот,
но никогаш нема да ѝ ја заборавам добрината,
за која ја благословувам.

# ЖЕНСКА СОЛИДАРНОСТ(2)

Во чекалната сме десетина жени,
од различно потекло и старост.

Иако не се познаваме
просторијата полека се исполнува
со грижа.

Добронамерен совет
подадено апче
причувана чанта
топол збор
ментол бомбона.

Сите сме исти пред ножот
што го дочекуваме
врзани на боксот.

# РАДОЈКА

Ми го раскажува животот,
жената што лежи до мене
во болничката соба.

По потекло црногорка,
мајка на две ќерки.
Останала вдовица на 35.
Заболела од леукемија на 39.

Почна да плаче
кога ми кажа
како Богородица ѝ дошла
и ја кренала в раце.
Треба да живееш! - ѝ рекла.
И оздравела.

Се најдовме, две непознати жени,
под заштита на мајката Божја.

## МОЈАТА БАБИЧКА УБАВИЧКА

Седиме во дворот
под сенката на стариот орев.
Пиеме кафе,
додека околу нозете
ни се плеткаат мачињата.

Го превртувам филџанот
на тацна, за да ми гледа.
Баба ми ужива во ритуалот,
јас во нејзината радост.

Преткажувањата се секогаш исти:

*-Имаш бела птица.*
*Некој убав глас ќе чуеш.*

*-Ти се отвора пат.*
*Да не одиш некаде?*

*-Пари ти стојат.*
*Зеде ли плата?*

*-Гледам некое црно момче.*
*Да не имаш некој пријател?*

Муабетот си тече, исходот е јасен,
ќе извлече повеќе таа од мене
за сегашноста,
отколку јас од неа за иднината.

Ја оставам да продолжи.
Ми годат тие наши разговори.
Потем, божем по грешка
ќе истресе од ракав некоја смешка
и двете гласно ќе се изнасмееме.

На крајот ќе ми рече: Стисни три желби,
да видиме дали ќе ти се исполнат.
Првата: -*Не сега одма.*
Втората: -*И да и не.*
Третата: -*Обавезно!*

Што помисли, Снеже?

# ЕЈ ГОДИНИ, ЕЈ!

Не знам кога ми поминаа годините -
ми вели мојата деведесет и двегодишна баба.

Сосема ја разбирам, едно трепнување
и детето што вчера го родив
наполни осумнаесет години.

Времето е релативна работа,
тоа го докажал Анштајн.
Дур се свртиш,
животот поминал.
Еј, години, еј!

# СЕ ОТУЃИВМЕ

Се плашиме дека има ковид
мојата најмила баба.
Таа не може да сфати
зошто не треба да го фаќа лебот
со раце.

Се јавувам да ѝ кажам дека
тестот за ковид ѝ е негативен.

Недослушува,
па ни требаат пет минути
да се разбереме.

Во другата соба
мајка ми седи сама
со ракавици
и со две маски на себе

Баба ми оди кај неа
и со детска радост
ѝ вели: *Негативна сум.*
*Не мора повеќе да се плашиш од мене.*

# ПАНДЕМИЈА

Имам чувство
дека овој разговор
веќе го водевме
пред една година.
Ова не е дежа ви.
Ова е пандемија.

# ВО НОВОТО НЕНОРМАЛНО

Се плашиме од луѓе.
Држиме дистанца.

Не се поздравуваме.
Не се гушкаме.
Не се допираме,
сами на себе се опираме.

Миеме раце, опсесивно
-компулсивно
сè дезинфицираме.

Носиме маски
како мазги,
што ќе ни се окови,
кога имаме пранги.

Децата нè гледаат исплашени
и зачудени
и не можат да решат
дали повеќе личиме на космонаути
или на вонземјани.

# ЧОВЕКУ ЕДЕН!

Животно едно! – се вели како навреда,
како понизок вид, без разум и свест.

Од животните може само да се учи
како да се љуби, како да се биде верен
и посветен, чиста душа.

Сега би рекла како навреда – Човеку еден!

Не можам да разберам како
после векови еволуција,
револуции и еманципација
сѐ уште ги учиме нашите ќерки
и синови
да молчат,
да наведнат глава,
да се обвинат себеси.

Молчењето не е злато!
Волкот не го менува наравот!
Предаторот останува предатор!

Не се сеќавам на ништо што учев на факултет,
но јасно се сеќавам на зборовите на една професорка,
со моќен глас: „Ова е болно општество, колеги!“

Тогаш се смеевме...
Не разбиравме што сака да ни каже.
Нашиот свет беше розов.
Ние бевме чисти, недопрени од светот.
Сега не можам да не се прашам:
Во каков свет живееме?

Да бидеш злоставен од некој кому му веруваш,
да ти го земе достоинството,
да ти ја злоупотреби кревкоста
посегнувајќи по телото, да ти ја оштети душата.
Да отидеш на породување и наместо дете
да ти извадат и матка и јајник и бубрег.

Ова е болен свет, човеку еден!

# Совршена стварност

Телото ми е **врело вретено**
што чека да биде расплетено.

# СОВРШЕНА ГЛЕТКА

Излегува од водата како што изгрева сонце,
потемнет Аполон, бакнат од сонцето.
Морските капки што се слеваат по него
се солзите на Венера.

# ПРИСТАНИШТЕ

Ги барам местата по моите раце
каде твојот мирис најде пристаниште
на мојата кожа.

Вдишувам
и заминувам во мигот
на нашето спојување во едно, цело.

Толку долго те чекав.
Толку долго проверував дали си тоа ти,
за да можам да поверувам дека сме одделени
пред последното раѓање,
пред да нè фрлат низ ситото на светот.

# ДОПИР

До каде што допира твојот поглед,
дотаму допира моето срце.

# БЕЗ ГРЕШКА

Како и секогаш, непогрешно
моето тело реагира на тебе,
моите гради добиваат форма на твоите дланки,
моето тело ја следи линијата на твоите желби.

Се испреплетуваме до недоглед
низ чаршафите на времето
и на момент не знам каде почнува твојот ум,
а каде завршува моето срце.

# НЕДОСТИГ

Од еден до друг здив,
од првото до последното видување,
трнче ми остави во окото
кое не ми дава да го склопам,
а да не те помислам.

Боцка. Глочка.
Од ум ме вади,
а ум не ми доаѓа.

Заумив веќе
од таа студена сила
што кон тебе ме влече.

Можам да бидам свила
сторена сета,
со глас на самовила
и пак не би знаела
дали би ме посакал?

Дали вода од изворот мој би се напил?
Дали мојот допир те обележал
или не си ни забележал
дека во твоето постоење
сум го вдахнала зборот?

# ВКУСОТ НА СЛОБОДАТА

По тенка линија ме возиш
до моите крајни граници.
Од раб до раб ме водиш.
Од кожа ме вадиш.

Го напуштам телото.
Озгора се гледам
и само тогаш се чувствувам
слободна.

Ми се допаѓа вкусот.
Бестелесно лебдам
над времето.

Потоа повторно
му се враќам на телото.
Небото и земјата
ги заземаат своите првобитни позиции.

Сонцето изгрева.
Животот продолжува по својата рутина.
Само по краевите на мојата насмевка
може да се насети дека барем на момент
сум ја допрела магијата.

# ПАТУВАЊЕ НИЗ ЖИВОТОТ

Ги следам сите туристички понуди,
обични и егзотични патувања.
Си замислувам како би било
да одиме на одмор на Кефалонија,
во Тајланд или на Куба.

Сигурно би било убаво
да шетаме низ улиците на Прага,
Венеција, Фиренца или Тоскана...

Вистината е дека би се вселила
во првата соба што ќе ни се најде
само да живеам со тебе.

**Пушти ги солзите** да се спојат со морето.
Не држи ја душата што сака да тече!

# ТАЈНА

Допирите се нежни, понекогаш силни
но морето никогаш не престанува да го гали брегот.
Длабоко си море,
брег сум што се рони под твоите пени.

Ја ситниш страста во зрнца остварени мечти
трпеливо и вечно ќе те чекам
и сите мириси како тајна ќе ги чувам
и мирисот на риба и мирисот на рибар.

# САМО ЗА НАС Е МОРЕТО

Нема никој на плажата.
Морето е само за нас.
Брановите свират
симфонија на надежта.
Мали рипки шаренеат на дното.
Еден авион ја сече синевината на небото
Каде заминуваат остварените желби?

# ПОКАЗАЛКИ

Како што се движи сонцето
така ги econ поместуваме лежалките под чадорот.
Без да забележиме стануваме показалки
на сончевиот часовник на животот.

# СОВРШЕНА СТВАРНОСТ

Опуштена и задоволна ти лежам на градите,
низ прозорецот со очите го допирам морето.
Ме бранува твоето дишење,
ме тера да помислам дека Бог ме сака
штом ми подарил ваква среќа,
едноставна и лесна.

Моментот е толку совршен
што полека тежнее кон нестварност,
сака да премине во расказ, поема
или филмска сцена.

Не треба да се штипнам,
лошата музика на соседите е тука
за да ме потсети дека не сонувам.

# СЕЌАВАЊА

Се сеќаваш ли на собата од која не ми се враќаше,
собата во која секогаш сакам да се вратам?

На терасата изгреваат насмевките
срамежливо се кријат зад филџанот со кафе,
но очите издаваат,
го чуваат сјајот на ноќта што изминала.

Морето пред нас се простира до бескрај.
Задоволни сме.
Утрото мириса на свежо пресечена лубеница.

# ZEN MASTER

Од прва го наоѓаш копчето за zen mode
веднаш го вклучуваш
и животот е
толку едноставен
што нема потреба
со зборови да ја објаснуваме
смислата на постоењето.

# FILM MAKER

Внимателно ги чувам спомените,
Еве вака, како ѕвезда на рака,
како ѕвездена река надоаѓаат
првин мирисите ме напаѓаат,
потем зборовите ме милуваат,
па допирите ме разгалуваат.

Секое сеќавање е филмска сцена
што ме прави задоволна жена,
колку пати одново ја доживувам,
толку ми дава сила за да живеам.

# СЀ ШТО ИМАМЕ

Имаме наша раскрсница,
наш пешачки премин и семафор
кој секогаш се пали во наша корист.

Имаме омилено место,
наше вино и наша песна.

Имаме список со дестинации на кои сме биле
и список со одредишта на кои сонуваме да бидеме.

Во многу различни соби се будевме.
Во секоја од нив носев нешто мое
за барем малку да заличат на дом.

Заедно имаме доволно книги
да наполниме домашна библиотека
и доволно вино за винска визба.

Имаме две насмевки
што се склопуваат во бакнеж
и четири раце
со кои можеме да изградиме дом.

# Кон стихозбирката „Празно место“ од Снежана Стојчевска

Кога во рака ќе ви се најде нов поетски ракопис од веќе етаблиран автор, со претходно пет објавени стихозбирки, кои добиле голема доза на внимание и признание на книжевната сцена, неизбежно е да имате високи очекувања и одредена љубопитност „што овојпат поетот ќе донесе во своите стихотворенија“. Со впечатливите поетски слики што ги создава преку едноставниот, а моќен зборовен венец, со беспрекорната творечка естетика што е воочлива на секоја страница, со грижливо избраната тематика, здравите конструкции на стиховите, „Празно место“ на Снежана Стојчевска несомнено ги оправдува високите очекувања. На моменти, и ги надминува.

Песните во првиот дел „Во арената на животот“ во кои пишува за нејзиниот покоен татко, спомените од детството, релациите и традиците на домот, всушност може да се сфатат како универзално раскажување за вредноста на семејството, она што сме го учеле во учебниците како „основна клетка на општеството“. Навидум многу лична констатација во песната „Поговорки“, нагласува животна мудрост која секој човек барем еднаш си ја потврдил себе си, во врска со својот родител:

„Сега кога пораснав само ми се кажа
дека сите неправди ги сетил на своја кожа
и узнал дека тоа што им го правиме на другите
ја огрева или ја огревува само нашата душа.“

Тагата и недостигот пресликани во песната „Празно место“ се тага и недостиг во секое семејство

кое се соочило со голема загуба. Стиховите многу јасно говорат дека: Да, животот мора да тече понатаму, но загубеното никој и ништо не може да го надомести.

„Откако татко ми нè напушти
секој од нас јаде сам, во различно време.
ако седнеме истовремено ќе нè боли
недостигот што зјае од празното столче.“

Во вториот дел „Порака до себе“ длабок впечаток оставаат песните кои ја опфаќаат минливоста на времето, на животот, тема-предизвик за секој поет, која знае да биде лизгав пат, а Стојчевска сепак, го чекори сигурно и цврсто. Она што го обликува со стиховите е јасно и гласно, разбирливо и реално, каков што е во континуитет и нејзиниот поетски глас.

Се чини ништо не се менува,
но мигот полека се измолкнува,
а ти нечујно учествуваш во своето
незабележливо минување
низ ова време-простор-тело
-живот на дело.

Неколку песни во овој циклус се посветени на поезијата, оти поезијата е крв и бели дробови за еден поет. Поистоветувајќи го пишувањето поезија со постењето, мајсторски му дава силна димензија на стихот, насушна.

„Да постиш значи да стражариш
над својата мисла и тело,
над своето животно дело.

Да пишуваш значи да стражариш
над стихот, да бдееш, да сееш

и в миг да ја пресечеш в корен
стихијата што надоаѓа, ако не ја бива.“

И кога пишува за тема каква што е ковид пандемијата, Стојчевска го прави тоа суптилно, потенцирајќи ги чувствата и гледиштата на обичниот човек, сакајќи на тој начин поетски да крикне дека само тој, обичниот човек, е и важен.

„Имам чувство
дека овој разговор
веќе го водевме
пред една година.
Ова не е дежа ву.
Ова е пандемија. “

Дека ова е книга која помага да се разбере човековата природа, особено женскиот аспект може да се согледа низ песните во чијашто срж лежат мајчинството и емпатијата меѓу жените најдени на иста мака, во иста болничка соба, во иста животна ситуација.

Сите сме исти пред ножот
што го дочекуваме
врзани на боксот. “

Поезијата на Стојчевска пулсира со огромна страст, длабок сензибилитет, а сепак гради ненаметливи нишки на едно секојдневие. Кога би требало да ја споредиме со боја, веројатно би рекле дека е „темноцрвена“, елегантна, дискретна, топла, дозирана до совршенство. Тоа не е лесно да се направи со зборовите како единствено оружје, а на поетесата ѝ успева.

„Телото ми е врело вретено
што чека да биде расплетено.“

Циклусот со љубовна поезија „Совршена стварност“, со кој се затвора збирката, донесува вистински мали слики за комплексната душа на една вљубена среќна жена. Јазикот е чист, мислата јасна дури и кога се опишува цунами од емоции.

„Допирите се нежни, понекогаш силни
но морето никогаш не престанува да го гали брегот.
Длабоко си море,
брег сум што се рони под твоите пени.“

На крај би нагласила: Да се извадат срцето и душата на виделина и искрено да се понудат пред очите и судот на јавноста е многу тешка работа, и тоа го знае секој уметник што твори во било која форма. Уште потешко е таквото дело да се конципира без патетика, без најава за апокалипса, а сепак со доволно жештина да жежне. Уметноста само таква и вреди да ја има.

Со книгата „Празно место“ Снежана Стојчевска уште еднаш потврдува, дека не случајно е присутна во центарот на поетските случувања, како поет, уредник и организатор на поетски настани, но пред сè како човек кој промовира квалитетна поезија. Делото ги има сите квалитети и стандарди за да ја обогати домашната книжевна сцена, и уште повеќе, да стане глобална книжевна вредност. Верувам дека секој што ќе ја прочита, ќе најде стих за себе и ќе сака да ѝ се навраќа.

**Љупка Антеска, поет и новинар**

## Кратка биографија

**Снежана Стојчевска** (1980) дипломира на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Од 2008 до 2022 година работи во филмската продукција Квазар Филм, како координатор продукција. Има работено на повеќе македонски филмови и на голем број телевизиски реклами и кампањи.

Во 2012 година ја објавува првата поетска книга *Шеќер по подот* во издание на ИЛИ-ИЛИ, како дел од едицијата Русалки, во која се јавува како уредник. *Под нулата* е нејзино второ дело, за кое ја добива наградата „Бели мугри" за 2013 година, која ја доделува Домот на културата Кочо Рацин – Скопје. По нив следуваат поетските книги *Модри фантазии* (Темплум, 2015), *Треба да е лесно* (Антолог, 2017), *Ќе се завијам во песни* (МИ-АН, 2019).

Застапена е во повеќе антологии на младата македонска поезија, меѓу кои „Игропис" (Фуснота, 2020), „Астални Проекции" (Бегемот, 2018), зборникот „Креативни точки", (МИ-АН, 2018); панорамата „Гласови на новиот век", (ПНВ, 2018); „Ова е моето последно молчење", (Антолог, 2016); „Гребени на љубовните пловидби" (ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци", 2014), „Лирски додекамерон", (СВП, 2012), како и во изданија на меѓународни фестивали како на пр. на словенечки јазик во „Фестивална антологија на изворна и преведена европска поезија на 21 век" (Велење, 2016), на српски јазик во зборникот „Поетики", (Бања Лука, 2018) итн. Во ноември 2019 година учествува на фестивалот за литература за деца и возрасни InterLese во Магдебург, Германија и за таа пригода избор од нејзина

поезија е преведен на германски јазик и објавен во книжевното списание Oda (1/2020). Покрај овие настапи и објави, таа е редовен учесник на најзначајните поетски манифестации во земјава.

Од почетокот на 2018 година е ангажирана како извршен уредник на списанието за литература, култура и уметност „Современост“. Истата година станува дел од Версополис европска платформа за поети и фестивали. Во 2019 се јавува како приредувач и уредник на арт панорамата - *Допир* во издание на Арт Еквилибриум Гевгелија. Член е на Друштвото на писателите на Македонија. Член е на организацискиот одбор на Скопски поетски фестивал, чие прво издание се одржа во септември 2021 година.

Од април 2022 година ја извршува функцијата директор на Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје.

# СОДРЖИНА:

## ВО АРЕНАТА НА ЖИВОТОТ

Празно место .......... 7
Стан бр. 9 .......... 9
Смртта доаѓа во тишина .......... 11
Три години (1) .......... 12
Три години (2) .......... 13
Поговорки .......... 14
Трпение спасение – Пополека подалеку .......... 15
Сто стапа по туѓ грб .......... 16
Човек од магаре ќе падне .......... 17
Во арената на животот .......... 18
Кошмар .......... 19
Секој го боли своето .......... 20
Една мајка, еден татко! .......... 21
Пудинг .......... 22
Лакомост .......... 23
Сакате ли војна? .......... 24

## ПОРАКА ДО СЕБЕ

Note to self: Сакај се себеси! .......... 29
Го избегнуваме огледалото .......... 30
Време-Простор-Тело .......... 31
Часовник .......... 32
Дистанца .......... 33
Скротување на егото .......... 34
Домот е таму каде што ти се книгите .......... 35
Камен .......... 36
Скопје граде мој мил! .......... 37
Контакт је скуп .......... 38
Немирна вода .......... 39
Отпор .......... 40

Патување низ свеста 1. .................... 41
2. .................... 42
3. .................... 43
4. .................... 44
Песни посестрими .................... 45
Поетски пост .................... 46
Нас поетите .................... 47
Другарки .................... 48
Сина птица 1. .................... 49
2. .................... 50
3. .................... 51
Необична љубов (1) .................... 52
Необична љубов (2) .................... 53
Лузни .................... 54
Мачешка мајка .................... 55
Товарено магаре .................... 56
Од мака до мајка .................... 57
Застрашувачка љубов .................... 58
Чудото на раѓањето .................... 59
Женска солидарност (1) .................... 60
Женска солидарност(2) .................... 61
Радојка .................... 62
Мојата бабичка убавичка .................... 63
Еј години, еј! .................... 65
Се отуѓивме .................... 66
Пандемија .................... 67
Во новото нормално .................... 68
Човеку еден! .................... 69

## СОВРШЕНА СТВАРНОСТ

Врело вретено .................... 73
Совршена глетка .................... 74
Пристаниште .................... 75
Допир .................... 76
Без грешка .................... 77
Недостиг .................... 78

Вкусот на слободата ........................................................................ 79
Патување низ животот ...................................................................... 80
Пушти ги солзите ............................................................................ 81
Тајна ................................................................................................ 82
Само за нас е морето ....................................................................... 83
Показалки ........................................................................................ 84
Совршена стварност ........................................................................ 85
Сеќавања .......................................................................................... 86
Zen master ........................................................................................ 87
Film maker ........................................................................................ 88
Сè што имаме .................................................................................. 89

Рецензија: Кон стихозбирката „Празно место“ од Снежана Стојчевска од Љупка Антеска ................................................ 91

Кратка биографија .......................................................................... 95

**Издавач:**
СОВРЕМЕНОСТ
mksovremenost@gmail.com

**За издавачот:**
Стефан Марковски

**Уредник:**
Верица Мукоска

**Печати:**
Национално преведувачко биро - Скопје
nacionalnopreveduvackobiro@yahoo.com

Книгата е објавена со финансиска поддршка од
Министерството за култура на Република Северна Македонија.

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**